**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Раководител на Сектор
за комунални работи

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Одделение
за комунални работи
од областа на комуналната хигиена

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
## за примање на донација од Друштво за трговија производство и услуги АГНА ДОО Скопје и за пренесување на правото на сопственост на специјален камион за собирање и транспорт на смет на ЈП Комунална хигиена - Скопје

**Скопје, мај 2026 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 и член 65 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24), а во врска со член 6 од Законот на донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија” број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација од Друштво за трговија производство и услуги АГНА ДОО Скопје и за пренесување на правото на сопственост на специјален камион за собирање и транспорт на смет на ЈП Комунална хигиена - Скопје**

Член 1

Со оваа одлука Градот Скопје прима во сопственост донација од Друштво за трговија производство и услуги АГНА ДОО Скопје, во вид на специјално возило за собирање и транспорт на смет од производител Foton,модел Aumark 8.5t, со надградба со капацитет 8m3, дизел мотор еко стандард Euro 6E, производство на камионската шасија и надградба е 2025 година.
Вкупната вредност на донацијата е 4.214.768,00 (четиримилионидвестеичетиринаесетилјадиседумстотинишеесетиосум) денари со вклучен ДДВ.

Член 2

За реализација на донацијата од член 1, Градоначалникот ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице од АГНА ДОО Скопје.

Член 3

Специјалното возило за собирање и транспорт на смет од членот 1 на оваа Одлука, Град Скопје го пренесува во сопственост на ЈП Комунална хигиена – Скопје, без надомест.

Член 4

Градоначалникот ќе склучи договор за пренесување на правото на сопственост со директорот на ЈП Комунална хигиена - Скопје, со кој ќе се уреди начинот на користење на специјалното возило за собирање и транспорт на смет.

Член 5

Се задолжува ЈП Комунална хигиена – Скопје, специјалното возило за собирање и транспорт на смет од член 1 на оваа Одлука да го внесе во евиденција на претпријатието.

Член 6

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за примање на донација од Друштвото за трговија на големо и мало Мако-Маркет ДОО извоз - увоз Скопје и за пренесување на правото на сопственост на специјален камион за собирање и транспорт на смет на ЈП Комунална хигиена – Скопје („Службен гласник на Град Скопје” бр. 13/25).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

Број 27-
___________ 2026 година
С к о п ј е

**Образложение**

Со член 36, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 65 од истиот Закон е утврдено дека јавните служби основани од општината се нејзина сопственост. Со член 6 од Законот на донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) утврдено е дека давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице.

Проценетата вредност на специјалното возило за собирање и транспорт на смет од производител Foton, модел Aumark изнесува 4.214.768,00 (четиримилионидвестеичетиринаесетилјадиседумстотинишеесетиосум) денари со вклучен ДДВ. Град Скопје истото го пренесува во сопственост на ЈП Комунална Хигиена - Скопје без надомест, а обврска на претпријатието е да го дефинира начинот на користење на специјалното возило за собирање и транспорт на смет.

Имено ваква Одлука беше објавена во („Службен гласник на Град Скопје" бр. 13/25), но Договор за донација на специјално возило за собирање и транспот на смет помеѓу Град Скопје и Друштвото не е склучен.

Со Решение од Централен регистар на РСМ и доставена тековна состојба Друштвото извести за промена на називот од Друштвото за трговија на големо и мало Мако-Маркет ДОО извоз - увоз Скопје во Друштво за трговија производство и услуги АГНА ДОО Скопје.

Заради административни причини потребно е да се донесе Одлука со новиот назив на Друштвото.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација од Друштво за трговија производство и услуги АГНА ДОО Скопје и за пренесување на правото на специјален камион за собирање и транспорт на ЈП Комунална хигиена – Скопје.